EUROPEAN COURT OF HUMAN RIGHTS
COUR EUROPÉENNE DES DROITS DE L'HOMME

ПРВ ОДДЕЛ

# СЛУЧАЈ ЈАКИМОВСКИ И КАРИ ПРЕВОЗ против СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

*(Апликација бр. 51599/11)*

ПРЕСУДА
(*Ревизија)*

СТРАЗБУР

1 јуни 2023 г.

*Пресудата е конечна, но може да биде предмет на редакциски измени.*

COUNCIL OF EUROPE
CONSEIL DE L'EUROPE

**Во случајот Јакимовски и Кари Превоз против Северна Македонија,**

Европскиот суд за човекови права (прв оддел), заседавајќи во Совет составен од:

Péter Paczolay, *Претседател,*
Tim Eicke,
Raffaele Sabato, *судии,*
и Liv Tigerstedt, *Заменик секретар,*

Одлучувајќи на нејавна седница на 9 мај 2023 година,

Ја донесе следната пресуда, која беше усвоена на истиот датум:

**ПОСТАПКА**

1. Постапката беше иницирана со апликација (бр. 51599/11) против Република Северна Македонија поднесена до Судот на 8 август 2011 година, во согласност со членот 34 од Конвенцијата за заштита на човековите права и основните слободи („Конвенцијата“), од страна на г. Савчо Јакимовски, Македонец/граѓанин на Република Северна Македонија („првиот апликант“) и Кари Превоз Д.О.О. Свети Николе, компанија која е основана во тужената држава („вториот апликант“);

2. Со пресуда од 14 ноември 2019 година, Судот утврди повреда на членот 1 од Протоколот бр. 1 на Конвенцијата, во однос на двајцата апликанти, во врска со конфискацијата на камион на вториот апликант во прекршочна царинска постапка против првиот апликант. Судот, исто така, утврди дека тужената држава требаше да им го врати конфискуваниот камион на апликантите во состојбата во која бил во времето кога бил конфискуван; во спротивно, требаше, на име надомест на материјална штета, на апликантите заеднички да им исплати износ од 13.000 евра (ЕУР) плус каков било данок што може да се наплати на тој износ. Дополнително, Судот одлучи на апликантите заеднички да им биде исплатен и вкупен износ од 14.500 ЕУР за материјална штета во однос на законската камата за вредноста на камионот, 3.000 ЕУР на име надомест на нематеријална штета и 925 ЕУР за трошоци.

3. На 8 јануари 2020 година, Владата на Северна Македонија („Владата“) го информираше Судот дека во декември 2019 година застапникот на апликантот ја информирал дека на 23 март 2016 година, вториот апликант престанал да постои и бил избришан од Централниот регистар. Соодветно, Владата поднесе барање за ревизија на пресудата согласно Правилото 80 од Деловникот на Судот.

4. На 3 март 2020 година, Судот го разгледа барањето за ревизија во рамки на значењето на Правилото 80 од Деловникот на Судот и одлучи да му даде на застапникот на апликантите рок од три седмици за одговор. Одговорот беше примен во Судот на 5 мај 2020 година.

ПРАВО

БАРАЊЕТО ЗА РЕВИЗИЈА

5. Владата тврдеше дека првиот апликант, во своето произнесување (од 2015 г.) за допуштеноста и основаноста на апликацијата, не го информирал Судот за претстојното неизбежно бришење на вториот апликант од Централниот регистар. Исто така, пропуштил да го информира Судот за ликвидацијата на вториот апликант (i) откако се случила и (ii) пред Судот да ја донесе пресудата по повеќе од три и пол години подоцна. На тој начин, првиот апликант го злоупотребил неговото право на поднесување апликација. Понатаму, Владата тврдеше дека пресудата на Судот не е подобна за извршување. Со оглед на тоа што информациите за бришењето на вториот апликант од Централниот регистар можеле да имаат значително влијание врз одлуката на Судот по основ на членот 41 од Конвенцијата, Владата побара од Судот да го преиспита последното прашање.

6. Првиот апликант, преку неговиот застапник, тврдеше *inter alia,* дека Владата знаела дека вториот апликант престанал да постои, што било директен резултат на конфискувањето на камионот спротивно на член 1 од Протоколот бр. 1. Вториот апликант бил основан само за цел на вршење дејности во областа на транспортот, користејќи го камионот. Согласно домашното законодавство, имотот стекнат од страна на сопружник за време на брак се смета дека претставува заеднички имот на сопружниците, а износот што Судот му го доделил на вториот апликант требало да се подели меѓу сопружниците како негови поранешни сопственици.

7. Во релевантниот дел од Правилото 80 од Деловникот на Судот е утврдено следното:

> *„Во случај на откривање факт кој, по својата природа, може да има одлучувачко влијание и кој, при донесување пресуда, не му бил познат на Судот и страната не можела разумно да го знае тој факт, страната може да побара од Судот ... да направи ревизија на пресудата ...“*

8. Судот прифаќа дека бришењето на вториот апликант од Централниот регистар претставува факт кој имал „одлучувачко влијание“ врз исходот на пресудата, во смисла на Правилото 80 од Деловникот на Судот; тој факт не бил познат и не можел разумно да ѝ биде познат на Владата.

9. Судот повторува дека, како што е нагласено во првичната пресуда (види параграф 31 од таа пресуда), формално-правно вториот апликант имал сопственост врз конфискуваниот камион; сепак, со оглед на тоа што апликантите имале близок меѓусебен однос, Судот утврди дека и првиот апликант има статус на жртва во однос на жалбениот навод за повреда на член 1 од Протоколот бр. 1 на Конвенцијата.

10. Една апликација може да се смета дека претставува злоупотреба на правото на поднесување апликација, ако, меѓу останатите причини, апликантот (или неговиот или нејзиниот застапник) го довеле Судот во заблуда. Тоа може да се случи, на пример, кога е јасно дека апликацијата свесно е заснована на невистинити факти со цел Судот погрешно да се насочи или каде што е намерно заснована на опис на факти во кои се испуштени настани од суштинско значење (види *Mindek против Croatia* (ревизија), бр. 6169/13, § 26, 11 септември 2018 г.). Во конкретниот случај, Судот забележува дека во спорната постапка што ѝ претходела на првичната пресуда, првиот апликант пропуштил да го информира Судот за ликвидацијата на вториот апликант и неговото последователно бришење од Централниот регистар. Иако е покажано отсуство на должно внимание, таквиот пропуст - со оглед на околностите на случајот (особено тесната интеракција меѓу апликантите) – не може да се смета за доволно да претставува злоупотреба од страна на првиот апликант на неговото право на поднесување апликација.

11. Навраќајќи се на вториот апликант, Судот забележува дека ниту првиот апликант, ниту неговата сопруга (која - заедно со првиот апликант – имала заедничка сопственост над вториот апликант) не изразиле желба навреме да ја продолжат постапката по апликацијата во име на вториот апликант по неговото бришење од Централниот регистар. Во вакви случаи, пракса на Судот е да ги отстрани апликациите од списокот на предмети во однос на непостоечки апликанти (види, *mutatis mutandis, SC Placebo Consult SRL против Romania* (ревизија), бр. 28529/04, § 23, 21 јуни 2011 г. и *Dzhabrailovy против Russia* (ревизија), бр. 68860/10, § 10, 4 февруари 2016 г.). Тој не гледа причини да одлучи поинаку и во овој случај.

12. Според тоа, Судот смета дека првичната пресуда од 14 ноември 2019 година треба да се ревидира и дека делот од апликацијата што се однесува на вториот апликант треба да се одстрани од списокот на предмети на Судот, во согласност со членот 37 § 1 од Конвенцијата.

13. Во светло на своите наоди во параграфите 9-11 погоре, Судот дополнително смета дека првичната пресуда треба да се ревидира и во однос на членот 41 од Конвенцијата со досудување на целосните износи на првиот апликант. Со тоа, тој го отфрла тврдењето на Владата дека износот досуден со првичната пресуда треба повторно да се разгледа.

14. Според тоа, Судот одлучи дека тужената Држава треба да го врати камионот на првиот апликант во состојбата во која бил во времето кога бил конфискуван; како алтернатива, ако тоа враќање не е возможно, треба да му плати 13.000 ЕУР на име материјална штета плус каков било данок што може да се наплати на тој износ. Дополнително, на првиот апликант му досудува 14.500 ЕУР за материјална штета во однос на законска камата за вредноста на камионот, 3.000 ЕУР за нематеријална штета и 925 ЕУР за трошоци.

Од овие причини, Судот, едногласно,

1. *Одлучи* да ја ревидира својата пресуда од 14 ноември 2019 година во однос на вториот апликант, како и во однос на примената на членот 41 од Конвенцијата;

   и соодветно,

2. *Одлучи* да ја отстрани апликацијата од списокот на предмети во однос на вториот апликант;

3. *Заклучи,*

   (а) дека тужената Држава, во рок од три месеци, треба да му го врати на првиот апликант конфискуваниот камион во состојбата во која се наоѓал во времето кога бил конфискуван;

   (б) дека, доколку не го врати, тужената Држава, во рамки на истиот тримесечен период, треба да му плати на првиот апликант 13.000 ЕУР (тринаесет илјади евра) плус каков било данок што може да се наплати на тој износ, на име материјална штета;

   (в) дека во секој случај, тужената Држава, во рамки на истиот тримесечен период, треба да му ги плати на првиот апликант следните износи:

   (i) 14.500 ЕУР (четиринаесет илјади и петстотини евра) плус каков било данок што може да се наплати на тој износ, на име материјална штета;

   (ii) 3.000 ЕУР (три илјади евра) плус каков било данок што може да се наплати на тој износ, на име нематеријална штета;

   (iii) 925 ЕУР (деветстотини дваесет и пет евра) плус каков било данок што може да му се наплати на првиот апликант, на име трошоци;

   (г) дека износите за кои станува збор треба да бидат конвертирани во валутата на тужената Држава според курс кој важи на датумот на исплата;

   (д) дека од истекувањето на горенаведените три месеци до исплатата ќе се плаќа затезна камата на горенаведениот износ по стапка еднаква на најниската каматна стапка за позајмени средства на Европската централна банка за наведениот период, плус три процентни поени;

Изготвено на англиски јазик и објавено во писмена форма на 1 јуни 2023 година, во согласност со правилото 77 §§ 2 и 3 од Судскиот деловник.

| | |
|---|---|
| *Liv Tigerstedt* | *Péter Paczolay* |
| Заменик секретар | Претседател |